# П Л А Н С К А П Р О Г Р А М А

## за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место

## ДУКАТИ

## КО Ново Село

## ОПШТИНА БОГОВИЊЕ




Бр. 11-405/1

Дата: 09.12.2022

Нарачател : Општина Боговиње

Изработувач: КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ

ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

Февруари, 2021

ПРЕДМЕТ/: **ПРЕДЛОГ ПЛАНСКА ПРОГРАМА**
за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место
ДУКАТИ
КО Ново Село
ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

Бр. 11-405/1

Дата : 09.12.2022

Место : **КО Боговиње , Општина Боговиње**

Нарачател : **Општина Боговиње**

Изработувач: **КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ НА ОПШТИНА БОГОВИЊЕ**

Одобрува: **Градоначалник**

Фаза: Предлог Планска Програма

Датум на изработка: февруари, 2021

**КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ НА ОПШТИНА БОГОВИЊЕ:**

1. Енис Јакупи, претседател
2. Лулејета Рамадани Арифи, член Lulejeta Arifi Ramadani Digitally signed by Lulejeta Arifi Ramadani DN: c=MK, serialNumber=168699, sn=Arifi Ramadani, givenName=Lulejeta, cn=Lulejeta Arifi Ramadani Date: 2022.12.12 23:19:52 +01'00'
3. Хафије Мурати, член Hafije Murati Digitally signed by Hafije Murati DN: c=MK, serialNumber=178861, sn=Murati, givenName=Hafije, cn=Hafije Murati Date: 2022.12.12 13:18:13 +01'00'
4. Хабир Хавзија, член

**Одобрува:**

По овластување на Градоначалник

Бесник Емши

# ПЛАНСКА ПРОГРАМА
# за изработка на Урбанистички План Вон Населено Место

# ДУКАТИ

# КО Ново Село, ОПШТИНА БОГОВИЊЕ

## Вовед

Општина Боговиње, поддржана од Центарот за развој на Полошкиот плански регион, има намера да создаде услови за реализирање на индустриска зона и рурален туристички развој, во насока на интензивирње на процесот на трансформација на социо-економски развој на малите центри, и тоа со помош на оптимално искористување на сопствените ресурси, односно зголемување на динамиката на локалниот економскиот развој врз принципите на пазарното стопанство.

Со обезбедување на услови за развој, општината Боговиње очекува да се зголеми функциналноста и комуналната уреденост на овој простор кој моментално не е искористен за друга намена, а со цел поттикнување на селективен развој на индустријата и туризмот во малите центри. Со урбанизацијата се очекува да се активираат сите потенцијали на стопанството, особен акцент да биде ставен врз малите и средни претпријатија, кои понатаму ќе ги подигнат животните и работните стандарди во општината, а со тоа ќе обезбеди економска и социјална сигурност.

Со изработката на урбанистичките планови вон населено место (УПВНМ), покрај земјоделското приизводство, како професионална определба за извор на егзистенција ќе се понуди можност за вработувања во индустриските зони и нивните производни погони, со што би се создале услови за рехабилитација и афирмирање на животот и стопанисувањето во руралните средини.

Урбанистичкиот план како развоен документ ги има следните примарни цели:

- Рационално искористување на земјиштето
- Максимално вклопување на инфраструтурата и објектите со теренот .
- Оформување на препознатлива амбиентална целина
- Почитување и заштита на правото на човекот на работа
- Почитување и надградување на пејсажните вредности
- Оформување на културен пејсаж
- Почитување и валризација на културното и градителското наследство
- Вградување на пратечки содржини на основната наменска употреба на земјиштето
- Подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица

- Вградување на заштитни мерки
- Почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- Предвидување на мерки за заштита и спасување
- Искористување на потенцијалите за користење на обновливи извори на енергија




За согледување на планските можности за планирање на просторот треба да се обезбедат Услови за планирање на просторот , и истите треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на предметниот простор и поставување на

планските концепти и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот , обработени во просторниот план на Република Македонија.

Со изработка на Урбанистички план вон населено место, ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градби во рамки на опфатот на селото. Урбанистичкиот план за Дукати, треба да овозможи максимално искористување на градежното земјиште и зголемување на вредноста на земјиштето.

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на руралните центри претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во руралната средина и намалување на постојната разлика во однос на условите во урбаните средини, преку интегрален- сеопфатен развој на селото.

Концептот на развојот и уредувањето на руралните центри за основа ги има целите со кои е предвидено:

намалување и постапно запирање на процесот на депопулација на руралните населби;

подобрување на демографската структура и социјалната положба на руралното население;

создавање на општествени услови за стопански просперитет на селото и економска сигурност на селското население;

стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали,

оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;

подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура.

Согласно член 44 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Урбанистичките планови вон населено место се изработуваат врз основа на планска програма со која се утврдува границата и содржината на планскиот опфат.

## ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Границата на планскиот опфат е дефирана графички и со координати дадени во табеларниот дел. Границата на опфатот формира површина од 20,05 ха.

N X Y

**Програмски барања**

Предмет на изработка е Урбанистички план вон населено место Дукати,КО НовоСело., Општина Боговиње.

**А) Општи барања**

Урбанистички План Вон Населено Место Дукати, КО НовоСело., Општина Боговиње, да се изработи согласно член 29 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РМ бр. 225/2020).

Урбанистички План Вон Населено Место Дукати, КО НовоСело., Општина Боговиње да се изработи врз основа на добиените Услови за планирање на просторот Тех.бр. У10322 , изработени од Агенција за планирање на просторот, од кои се согледуваат планските можности за планирање, за кои е добиено Решение за услови за планирање на просторот бр. УП1-15 2029/2022 од Министертсво за животна средина и просторно планирање.

Постапка за пренамена на земјоделско во градежно земјиште да се спроведе согласно член 54 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20).

Кога при изработката на УПВНМ се уредува градежно земјиште на сметка на земјоделско земјиште,донесувачот на планот е должен веднаш по одобрувањето на планската програма да побара мислење од министерство за земјоделие,мислењето е составен дел на планот.

За изработка на УПВНМ да се приберат податоци и информации од субјектите кои ги вршат работите од областа на заштита на животната средина, заштитата и спасувањето, здравствената__ заштита, образованието, земјоделието, водостопанството, транспортот и врските , воздухопловството, безбедноста, јавните патишта, како и субјектите надлежни за изградба и одржување на сообраќајна, водоводна, канализациона, електроенергетска, телекомуникациска , тополоводна и гасоводна инфраструктура, согласно член 47 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20). Податоците и информациите се составен дел и прилог на документационата основа на планот.

На предлог Урбанистички План Вон Населено Место да се изврши стручна ревизија согласно 48 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20) со која се утврдува дали истиот е изработен согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и прописите донесени врз основа на овој закон.

Урбанистичкиот План Вон Населено Место да се изработи во една фаза , како предлог на план, согласно член 22 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20).

**Б) Посебни барања**

Просторниот концепт ќе го сочинува следниот систем на класи на намени :

**Д - Зеленило ,рекреација и меморијални простори**

**Е – Инфраструктура**

Основни класи на намена се следните:

Д1 Парковско и пејзажно зеленило
Д3 Спорт и рекреација на зелени терени
Д4 Меморијални простори
Е1 Сообраќајни,линиски и други инфраструктури

Покрај основната класа на намена да се предвидат и компатабилни класи на намена на основната класа на намена според Правилникот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РМ бр. 225/2020).

Планираната сообраќајна мрежа да се усогласи со позитивната законска и подзаконска регулатива. При изработка на сообраќајното решение да се почитува состојбата на терен, со постојната улична мрежа и катастарска парцелација.


Kula
Trlo
K.O. Ново Село 2-вгр
Ba*ilo
V O J V O D I N A
ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

**Изработувач:** **Комисија за урбанизам на Општина Боговиње**

1. Енис Јакупи, претседател

Enis Jakupi
Digitally signed by Enis Jakupi
DN: c=MK, serialNumber=180989, sn=Jakupi, givenName=Enis, cn=Enis Jakupi
Date: 2022.12.13 09:23:54 +01'00'

2. Лулејета Рамадани Арифи, член

Lulejeta Arifi Ramadani
Digitally signed by Lulejeta Arifi Ramadani
DN: c=MK, serialNumber=168699, sn=Arifi Ramadani, givenName=Lulejeta, cn=Lulejeta Arifi Ramadani
Date: 2022.12.12 23:20:14 +01'00'

3. Хафије Мурати, член

Hafije Murati
Digitally signed by Hafije Murati
DN: c=MK, serialNumber=178861, sn=Murati, givenName=Hafije, cn=Hafije Murati
Date: 2022.12.12 13:18:44 +01'00'

4. Хабир Хавзија, член

Habir Havzija
Digitally signed by Habir Havzija
Date: 2022.12.09 10:56:29 +01'00'

**Одобрува,**

Градоначалник

Бесник Емши